Приватна високообразовна установа
- Висока стручна школа
ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
Бр 02- 520/1
16.12. 2015 год.
СКОПЈЕ

*Р Е Ф Е Р А Т*

ЗА ИЗБОР НА ВИШ ПРЕДАВАЧ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВО НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА" ВО СКОПЈЕ

Со Одлука донесена на 44та седница на Наставничкиот совет на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија" во Скопје, одржана на 22.09.2015 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања во област на Меѓународната економија и Претприемништво на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија" во Скопје.
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Вечер" од 16.07.2015 година и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Ивана Милчевска.
Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија" во Скопје да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

*Биографски податоци*

М-р Ивана Милчевска е родена на 13.08.1982 во Скопје, Република Македонија. Средно образвование забршува во ДСУ " Јосип Броз Тито"- Скопје. Во академската 2001/2002 год се запишува на Економски Факултет при Универзитетот Св.Кирил и Методиј " во Скопје, каде што дипломира во декември 2005 година и се стекнува со звањето дипломиран економист.

Во 2006 година се запишува на последипломски студии на Економски Институт Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" во Скопје на насока меѓународна економија. По положување на предвидените испити од последипломските студии и исполнување на другите потребни услови се стекна со право да пристапи кон изработка на магистерскиот труд со наслов " Меѓународниот трансфер на технологија како детерминанта за интеграција на националните економии во светското стопанство". На 04.03.2011 година го одбрани магистерскиот труд со што се стекна со титула магистер на економските науки од областа на меѓународната економија.

Во декември 2011 година на Економски факултет при Универзитетот Св.Кирил и Методиј " во Скопје м-р Ивана Милчевска пријавила изработка на докторска теза под наслов "Стратегии на динамична интеракција помеѓу глобализацијата и регионалниот развој: кластеринг на производните активности". Со Одлука на Наставно-научниот совет темата и кандидатот се прифатени како подобни.

*Професионално искуство и развој*

Ивана Милчевска во своето работно искуство учествува во имплементирање на повеќе проекти некои од нив се :

- "Креативен бизнис план за успешни претприемачи", донатор Град Скопје. Траење во периодот од септември 2012 до декември 2013 и Август 2013 до декември 2013. Проектот е наменет за подобрување на претприемачкиот дух на учениците во средните училишта;
- "Ефикасна локална самоуправа", донатор Центар за Институционален развој, јануари 2011 до јануари 2012 и јануари 2013 до декември 2013. Проектот е наменет за зголемување на свесноста за енергетската ефикасниот во локаната самоуправа;
- "Градење на капацитет на професорите во средните училишта", донатор Биро за развој на Р. Македонија, мај 2012 до јуни 2012 година. Проектот е наменет за подобрување на претприемачките вештини на професорите во средните училишта;
- Истражувачки проект "Improving Regional Development Policies – Sharing the German and Slovenian Experience. Донатор, European Fund for the Balkans ( Think and Link- regional Policy Programme ), април 2012 до декмври 2012 година;
- " Практики за менаџирање на отпад", донатор World Bank, јуни 2011 до јуни 2012 год. Проектот е наменат за подигнување на свеста за отпадот во Р. Македонија;
- " Самовработување" донатор UNDP, јуни 2011 и јуни 2010;
- Needs Assesment for Regional Rural Development – (RRD), донатор GIZ. Проектот е наменет за добивање на информации на капацитетите на главните актери во регионалниот рурален развој во Р. Македонија, јануари 2011 – октомври 2011година;

*Наставно-образовна и научноистражувачка дејност*

Во септември 2006 година Ивана Милчевска избрана е за помлад асистент по предметите микрекономија, макроекономија и претприемништво.

Во септември 2009 година Ивана Милчевска е реизбрана на местото асистент од група на предемити во областа на економксите науки.

Во мај 2011 година Милчевска избрана е за предавач за предметите: претприемништво, глобална економија и меѓународна економија.

Има учествувано на повеќе семинари и конференции, меѓу кои:

- Четири модули од Tot ( Training of Trainers ) за регионален економски развој, Inwent, 2010 ,
- Семинар за Соларна енергија, ГИЗ, 2010
- 15th International Summer School of Ceriva "Beyond Enlargement. The Wider Europe and the New Neighborhood" – Sustainability: the new frontiers of economic development and environmental protection and Green Economy, and Civil Society ( Course B), Cervia, Italy, 2009
- Предавач на Охридски летен универзитет "Global Economy and Creative Industries " Евро Балкан, 2008год
- Конференција ЕУ фондови – Скопје 2007
- Летна школа " Глобализација со човечки лик " , Економски Институт, 2005 год

Исто така има напишано и објавено повеќе трудови меѓу кои:

- The Concept of clustering and its beneficial character, Journal of Sustainable Dvelopment –Intagrated Buisness Faculty Skopje, January, 2014

- Improving Regional Policy in Macedonia – Sharing the German and Slovenian Experience, Think and Link Regional Policy Programme 2011/2012, European Fund for the Balkans

- Assessment of the Capacity Building Needs of Relevant Stakeholders Involved in the Regional and Rural Development in Macedonia, GIZ RED

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

Ивана Милчевска учествува во развојот на ВСШ Факултет за бизнис економија од неговите почетоци. Таа е се грижи за развојната стратегија, 4 години е Директор на Фондација Ново Образование за бизнис.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за виш предавач во областа на меѓународната економија и претприемништво може да констатира дека кандидатот м-р Ивана Милчевска ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје и распишаниот конкурс во весникот Вечер.

Согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ кандидатот м-р Ивана Милчевска ги има остварено следниве бодови кои се однесуваат на целокупната активност ( НО+НИ+САОР) кои се однесуваат на периодот од нејзиниот последен избор:

- Наставно образовна дејност (НО)=50.6
- Научно истражувачка дејност (НИ)=2
- Стручно-апликативна и организациски развојна (САОР)=4.5
- Вкупна актива (НО+НИ+САОР) =57.1

Рецензентската комисија може да заклучи и дека кандидатот го има потребното искуство за избор во звањето виш предавач, со што може да се констатира дека покажува способност за наставно образовна и научно истражувачка активност.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да ја избере кандидатката м-р Ивана Милчевска во звање виш предавач во областа на меѓународната економија и претприемништвото.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Антонија Јосифовска, ред. проф.
Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје,
2. Д-р Благоја Наневски, ред. проф.
Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје,
3. Д-р Димитар Ефтимоски ред. проф.
Универзитет св. “ Климент Охридски“- Битола

Прилог

Табела за вреднување на активностите на м-р Ивана Милчевска, предавач во изборниот период 2015 година, според критериумите за избор на наставници на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје

| ВИД НА АКТИВНОСТ | БРОЈ | ПОЕНИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Одржување на настава прв циклус | 48 | 0,25 | 12 |
| Одржување на вежби | 24 | 0,5 | 3,6 |
| Настава во летни/зимски/тренинг школи и работилници | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Консултации со студенти | 250 | 0,1 | 25 |
| Ментор на дипломска работа | 15 | 0,3 | 4,5 |
| Интерна скрипта од предавање | 1 | 4 | 4 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Учество на научен собир/ конференција со меѓународен карактер | | | |
| | 1 | 2 | 2 |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна (СА+ОР)** | | | |
| Учество на промотивни активности на факултетот | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Учество во тела на управата на факултетот | 1 | 3 | 3 |
| | | | |
| **ВКУПНО** | | | **57.1** |